# ЗА РАДОВИШ ГАРАНТИРАМЕ

## СОЗДАДИ НОВА ИДНИНА!

ПРОМЕНИ • ПРОЕКТИ • ПОБЕДИ



Сте се прашале ли дали живеете подобро? Дали државата се движи во вистинска насока? Дали сте задоволни од ова што се случува? Дали сметате дека живееме во нормална држава и дека се слуша вашиот глас, дека власта ги одржала ветувањата, и дека оваа власт е најдоброто нешто што вие го заслужувате?

Ќе дозволите ли да продолжат на ист начин како досега, или ќе ги земете работите во свои раце и ќе започнете да создавате нова иднина со ваш сопствен печат, иднина каква што посакувате и каква што заслужувате?

Покажете дека мора поинаку, и дека не сте задоволни од ова што се случува. Почувствувајте ја шансата која е пред сите вас, шанса за промени, проекти и победи. Шанса да покажеме дека ќе успееме, дека знаеме, умееме и сакаме да ја направиме Македонија нормално, убаво место за живеење.

На овие избори треба да ѝ одговорите на власта дали целосно ќе ѝ ја препуштите државата или ќе преземете контрола над сопствената судбина и држава и ќе создадете нова иднина?

Покажете дека во вас постои надеж и пркос, дека сакате да создавате и дека не се плашите да верувате во себе и во иднината на вашите деца. Таа иднина зависи исклучиво од вас и од промените кои неминовно доаѓаат, а кои ќе ги донесете вие. Промени што ќе значат нова енергија, кои ќе го поддржуваат позитивното наспроти негативното, креативното и продуктивното

наспроти деструктивното, ќе поддржуваат квалитет наспроти партизација, работа наспроти неработа, почитување и исполнување на ветеното наспроти измамите на власта.

Насекаде гледаме хаос и загубена перспектива. Луѓето се разочарани. Власта тоа го користи и го злоупотребува. Тоа мора да престане. Поделбите да запрат. Народот треба да се обедини: десни, леви, Македонци, Албанци, Турци, Срби, Роми, Власи, Бошњаци, стари и млади, жени и мажи. Дојде време за промени и народот мора да почне да ја создава новата иднина. Да излеземе од кругот на апатијата. Затоа што колку повеќе овие се на власт, толку помалку останува од Македонија, толку помалку нè има во државата.

И таму, меѓу нив, има луѓе кои го гледаат тоа, има незадоволство. Ние сакаме сите да се обединиме и да порачаме дека нашата генерација ја сфати важноста на овој историски момент, ја гледа шансата за промени, проекти и победи, шансата да создава, шансата за нова иднина. Да покажеме дека Македонија е држава и дека тука живее и ќе живее среќен народ кој си ја сака сопствената земја.

Ние имаме знаење и програма со многу проекти, ние гарантираме дека ќе ги исполниме и вие знаете дека можете да му верувате на нашиот даден збор. Поучени сме од грешките во минатото, па со поправени и искоренети слабости, ние сме нови луѓе, квалификувани, чесни и свесни за околностите и за одговорноста што ја преземаме. Создадовме нова иднина кај нас, сакаме обединети со вас да создадеме нова иднина за сите нас. На овие избори влегуваме со чисто срце и ја бараме вашата доверба, ви ветуваме многу работа и конкретни резултати. Новата иднина започнува со промените, по кои следат проектите, новата иднина ќе ги донесе победите.

А тие сакаат да мислите дека сите сме исти! Тоа е дел од нивната пропаганда, за да останете разочарани и на тој начин да го бараат својот спас. Со малата излезност, со вашето негласање или со нивните тројански експерименти – тие добиваат најмногу.

Ако не ги опомените на овие избори, тие ќе мислат дека ги поддржувате. Ако им ја оставите апсолутната власт, нивната аздисаност ќе се зголеми – ќе биде уште полошо. Иднината со нив не е иднина каква што вие заслужувате. Иднината со нив е хаотична, несреќна и апатична.

Излезете и изборете се! Создадете нова иднина! Таму лежи шансата за промени, Нова иднина за секој од вас, за секој дом, семејство, улица и населено место, таа нова иднина е за сите нас. Новата иднина е убава иднина! Таа е иднина на договор помеѓу граѓаните и политичарите, иднина на нормална држава во која ќе има ред и работа. Нештата ќе се менуваат, ќе има проекти и конкретни резултати, подобар стандард и можности за секого. Во новата иднина граѓаните ќе ги контролираат институциите, за разлика од сегашноста во која институциите ги контролираат граѓаните.

Новата иднина ќе донесе подобри денови, раст и развој, во неа ќе има авангардна младина и спокојна старост. Во неа ќе се создава, ќе создавате вие за вас и за вашите семејства. Ќе создаваат и вашата општина и државата за вас, затоа што вие премногу ѝ дадовте на земјата, сега е момент земјата да ви дава вам.

Затоа создадете ја новата иднина! Тие се плашат од неа. Од новата иднина во која сè ќе биде подобро, посветло и посреќно и во која нивните грешки ќе можеме сложно да ги исправиме. За таа нова иднина вреди да се бориме. Таа е доброто, таа е сè што тие не се. Иднина за вас, за Македонија, нова иднина во која оптимизмот ја победува малодушноста, иднина на триумф на вашите вредности.

Новата иднина е нивниот најголем кошмар. Таа создава! Таа носи промени и проекти! Новата иднина победува! Затоа

**СОЗДАДИ НОВА ИДНИНА!**

**ПРОМЕНИ. ПРОЕКТИ. ПОБЕДИ**

# 1. ОБРАЌАЊЕ



Почитувани пријатели, драги сограѓани!

Нашата општина е нашиот заеднички дом, нашето секојдневие, тоа е нашиот живот. Од сите нас зависи каква иднина ќе градиме и во каква општина ќе ги градиме работите што ни се важни. Изборите кои следуваат носат одлука за тоа колку ќе напредуваме, колку ќе одбереме надеж за големи чекори, а нам ни се потребни токму такви големи чекори кои ќе ги решат проблемите од нашето секојдневие. Општина без кал, со нови асфалтирани улици, нови сообраќајни решенија, нови паркови, игралишта, нова перспектива за сите генерации. Да вложуваме во спортот, да ја негуваме културата! Сите заедно да создаваме услови и за економски развој. Да не се троши времето на политички опции кои забораваат на народот зашто чистиот образ мора да се зачува, исто како и достоинството што лесно се губи, но тешко се заработува. Јас сакам да ме гледате како вашиот човек во системот, кој заедно со вас ќе ги менува работите на подобро. Ветувам работа и беспоштедна битка за повеќе резултати. Заедно сме силата која ќе донесе промени. Заеднички да создаваме промени, да градиме проекти и да носиме победи. Заедно да создаваме нова иднина!

Со почит,

Ацо Ристов

# 2. ТОП 10 КЛУЧНИ ПРОЕКТИ

## 1. ИЗГРАДБА НА НОВ КУЛТУРНО-ДЕЛОВЕН ЦЕНТАР СО:

подземен паркинг за 200 возила на две нивоа; деловни простории, канцеларии, угостителски објекти, дискотека, затворен атриум за 1500 луѓе за концерти, престави и јавни собири, галерија, дел за домување (станови);

## 2. НОВ ГРАДСКИ ПАЗАР

Ќе ја решиме долгогодишната мака на земјоделците, кои досега немаа услови на достоинствен начин да го продаваат своето производство;

## 3. ИЗГРАДБА НА УЗВОДНА АКУМУЛАЦИЈА НА РАДОВИШКА РЕКА.

Ќе се реши предизвикувањето на поплави. Решавање на водоснабдување на Радовиш преку изградба на филтер станица за вода (затворање на користење на загадени води од бунарите во Војславско поле) и континуран проток на вода низ коритото на Радовишка река за наводнување и хортикултура;

## 4. ИЗГРАДБА НА НОВ ГРАДСКИ РЕКРЕАТИВЕН ЦЕНТАР СО ПАРК

на локација под Канлиевата воденица со следните содржини: рекреативен базен, летна сцена со дискотека, воден парк во склоп на базенот, спортски терени за одбојка, мини голф, тенис. Нов градски парк со хортикултурни содржини, со простор за домашни миленичиња;

## 5. АСФАЛТИРАЊЕ НА ДВЕТЕ СТРАНИ ОД ПАТОТ ПО КЕЈОТ НА РАДОВИШКА РЕКА

до новиот парк со стази за велосипеди и комплетно улично осветлување од двете страни;

## 6. УРЕДУВАЊЕ НА РЕЧНО КОРИТО

со патеки, хортикултура и пешачки мостови. Прва фаза - од последниот мост до нов рекреативен центар; Втора фаза - целото корито на Радовишка река со изградба на паркинзи на одредени локации и изведба на систем за наводнување на хортикултурата во и надвор од коритото на реката;

## 7. ИЗГРАДБА НА ДЕТСКА ГРАДИНКА И

повеќенаменско игралиште во петтата урбана заедница и изградба на детска градинка во с.Злеово;

## 8. ПРОЕКТ „РАДОВИШ ЕНЕРГЕТСКИ НЕЗАВИСЕН И ЗЕЛЕН ГРАД“.

Истражување на геотермалниот потенцијал на локалитетот Раклиш; Изградба на неколку фотоволтаични централи на јавни инстиуции и субвенционирање од  50% на сите домаќинства кои истото ќе го направат за сопствените домови и колективни згради (до 5KW инсталирана моќност). Трајна дислокација на депонијата и чистење на дивите депонии на цела територија на Општина Радовиш.

## 9. БЕСПЛАТЕН ОБРОК ЗА СЕКОЈ УЧЕНИК ОД I-ВО ДО IV-ТО ОДДЕЛЕНИЕ:

Учениците ќе добиваат по еден здрав оброк на ден со специјално мени подготвено од нутриционист;

## 10. ПРОЕКТ „РАЗВИЕНА ИНДУСТРИЈА – РАЗВИЕН ГРАД“:

Обезбедување на инфраструктура за сите потенцијални инвеститори, деблокирање на сите блокирани локации од постојни индустриски објекти (ШИК, ЗИК, Декортекс, Јака 80, Хотел Панорама и др.), давање на слободни државни локации за изградба на објекти по принцип едно евро за $м^2$ и намалување на комуналии зависно од бројот на новотворени работни места.

# 3. ПОЛИТИКИ И ВИЗИИ ЗА РАЗВОЈОТ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА

Со процесот на децентрализација, локалната самоуправа доби нов квалитет. Општината станува заедница во која власта и граѓаните нужно се ориентирани едни кон други. Граѓаните остваруваат непосредна комуникација со локалната власт преку која се известуваат за своите потреби кои треба да бидат задоволени по нивна мерка. Ваквата комуникација е неопходна и претставува гаранција за успешна работа , која се изразува во задоволството на граѓаните од поквалитетните јавни услуги , поефикасната администрација, поголемата локална демократија, засилениот локален економски развој итн.

Сите општини во РМ се различни според своите географски карактеристики, историски и традиционални вредности, природни и човечки ресурси и заслужуваат да бидат презентирани пред пошироката јавност. Мала или голема, со поголеми или помали финансиски средства , различни можности,секоја општина има подеднакво голема желба за успех и напредок. Затоа тие денес се во постојан натпревар. Конкуренцијата на идеи и позитивни практики охрабрува и отвора перспективи, тие треба да се извор на идеи  кои ќе се преточат во проекти, кои пак со нивната реализација и имплементација суштински ќе го подобрат квалитетот на животот  на граѓаните.

Но, и меѓуопштинската соработка  е еден од инструментите за надминување на сопствените можности. Токму затоа треба да ги препознаат заедничките потреби и интереси и да настапуваат со заеднички идеи, да ги здружат капацитетите, да комуницираат едни со други, да соработуваат, да градат заедничка иднина со цел сите заедно да станеме дел од големото европско семејство. Заедничкото настапување пред европските фондови со општини од соседните држави  придонесува подобро запознавање на меѓусебните обичаи, верувања, потреби, традиции, видувања и размислувања. Одлична можност за тоа се средствата од ИПА фондовите преку кои општините се клучни субјекти во процесот на интегрирање на Република Македонија во Европската Унија.

Со оглед на тоа што општините играат клучна улога во унапредувањето на локалниот економски развој, нивното зајакнување во насока на привлекување и управување со инвестиции за локалната економија може да биде пресудно за создавање на локален економски раст и развој, создавање нови вработувања и подигнување на социјалната добросостојба на локалното население во РМ.

На следните страници од мојата програма , почитувани сограѓани можете да ги прочитате предлог проектите кои ви ги нудам како градоначалник од ВМРО ДПМНЕ  а кои сметам дека вистински ќе придонесат за развој и просперитет на Општина Радовиш.



# 4. ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

Со доаѓањето на власт на ВМРО – ДПМНЕ локалната власт ќе биде фокусирана на локалниот економски развој и градење партнерство со бизнис секторот за остварување на интересите на граѓаните.

Нашите најважни проекти во функција на остварување на спомнатите цели во следниот четиригодишен период ќе бидат:

- Проект „Развиена индустрија – развиен град“;
- Обезбедување на инфраструктура за сите потенцијални инвеститори;
- Деблокирање на сите блокирани локации од постојни индустриски објекти (ШИК, ЗИК, Декортекс, Јака 80, Хотел Панорама и др.). Проектот ќе се реализира во соработка со централната власт;
- Давање на слободни државни локации за изградба на објекти по принцип едно евро за $м^2$ и ослободување/намалување на комуналии, со цел поголем број вработувања. Проектот ќе се реализира во соработка со централната власт;
- Пооддршка за прекфалификација/тренинг/дуално образование за потребите на индустријата;
- Ќе продолжиме со проектот гасификација на Општина Радовиш, односно изработка на целокупната проектна документација за секундарна и терцијарна мрежа и приклучување на примарниот гасовод кој поминува низ Општина Радовиш, со што ќе се овозможат пониски трошоци за греење на домаќинствата, како и пониски трошоци за енергенси на производствените капацитети и заштита на животната средина.
- Општинската власт ќе работи на директна промоција на Општина Радовиш, при што директно ќе контактира со потенцијални домашни и странски инвеститори и ќе им ги презентира предностите кои ги нуди нашата општина.



# 5. УРБАНИЗАМ

Една од основните задачи на локалната самоуправа е грижата за правилен урбан развој, одржување на ред и воспоставување на соодветна структура на населените места. Урбанистичкото планирање е континуиран процес на изработување, донесување и спроведување на просторен план и урбанистички планови, со цел да се обезбеди уредување и хуманизација на просторот и да се заштити и унапреди животната средина и природата. Наши проекти од областа на Урбанизмот се следните:

- Изработката на урбанистички планови за населените места во Општина Радовиш е еден од основните приоритети;
- Урбанистички планови за индустриските капацитети и урбанистички планови во и надвор од населените места од општината;
- Решавање на УБ 15 со инфраструктура;
- Урбанизација на површината од Стариот градски базен до Канлиевата воденица;
- **Бесплатен градски интернет.** На повеќе локации ќе со постават станици за давање на бесплатен интерент на сите граѓани и посетители во град Радовиш.



# 6. ЖИВОТНА СРЕДИНА

Чистата и здрава животна средина е нужен предуслов за здрав живот и за обезбедување на услови за идните генерации.Токму затоа во мојот мандат општинската администрација ќе биде насочена кон искористување на сите потенцијали за енергетска ефикасност и заштита на животната средина, превенција од непрописно постапување со отпадот и шутот,  едукацијата на граѓаните за придобивките на здравата животна средина, подигнувањето на граѓанската свест и етичност, како и остро санкционирање на лицата и субјектите кои ќе извршат загадување на средината во која живееме.

Нашите најважни проекти, во функција на заштита на животната средина во следниот четиригодишен период ќе бидат:

- Истражување на геотермалниот потенцијал со истражна бушотина на локалитетот Раклиш и нејзино искористување во евентуални проекти (земјоделие, бањски туризам, затоплување);
- Поставување на панели на сончева енергија на јавни институции (спортска сала, училишта, болница и др.), со цел да се обезбеди ефикасно греење и ладење на овие инстиуции;
- Субвенционирање на домаќинствата за поставување на соларни панели  за сопствените домови и колективни згради до 5KW инсталирана моќност;
- Трајна дислокација на градската депонија и активна соработка со регионалната депонија;
- Чистење на дивите депонии на цела територија на Општина Радовиш (ангажирање на работоспособни приматели на социјална помош);
- Уредување и чистење на речните корита;
- Набавка и поставување на контејнери за рециклиран отпад на јавни површини и за индивидуални семејства;
- Поддршка на граѓански здруженија и друштва за заштита на животната средина;
- Воведување на локален регистар на загадувачи и редовна соработка со бизнис секторот, особено индустриите регистрирани како загадувачи;
- Акции за пошумување на околината на Општина Радовиш.





# 7. КОМУНАЛНИ РАБОТИ

Одржувањето на јавната чистота, обезбедување на комунална инфраструктура, чистење и подобар изглед на општината и благовремено решавање на проблемите на граѓаните преку изградба на водоснабдителни и канализациски системи создаваат услови за поздрава и почиста животна средина.

## 7.1. ВОДОВОДНИ СИСТЕМИ

Ќе направиме максимални напори проблемите со водоснабдувањето да бидат секаде надминати и во сите места да се доизградат и модернизираат водоводи и да се обезбеди чиста вода за пиење за локалното население од Општина Радовиш. Наши приоритети се:

- Изработка на техничка документација за изградба на целосна водоводна инфраструктура во УБ 22 мрежа , атмосферска и фекална канализациска мрежа;
- Изработка на техничка документација за изградба на целосна водоводна инфраструктура во УБ 9 мрежа, атмосферска и фекална канализациска мрежа;
- Изработка на техничка документација за изградба на целосна водоводна инфраструктура во УБ 15 мрежа , атмосферска и фекална канализациска мрежа;
- Исто и за УБ 26 ( над стариот басен);
- Изградба на водовод во должина од 2 километри и канализација во должина од 2 километри во населено место Калаузлија;
- Изградба на водовод во должина од 3 километри и канализација во должина од 3 километри во населено место Прналија;
- Изградба на водовод во должина од 3 километри и канализација во должина од 3 километри во населено место Тополница;
- Изградба на водовод во должина од 2 километри и канализација во должина од 2 километри во населено место Бучим;
- Изградба на водовод во должина од 2 километри и канализација во должина од 2 километри во населено место Дамјан;
- Подобрување на водоснабдувањето каде што постојат оштетувања;
- Изградба и обновување на селски чешми кои се оштетени.

## 7.2. КАНАЛИЗАЦИСКИ СИСТЕМИ

Еден од поголемите проблеми во Општина Радовиш е управувањето со отпадните води. Во неколку населени места, за жал сеуште не постои канализациска мрежа, така што отпадните води истекуваат слободно по површината на теренот, а дел од отпадните води се прифаќаат во примитивно изградени септички јами без прелив. Таквата состојба претставува потенцијален извор на епидемиолошки заразни заболувања кај населението.

Фекалната канализациона мрежа е предвидена да биде од сепаративен тип, без прифаќање на атмосферските води. Сите отпадни и фекални води ќе се прифаќаат преку секундарна мрежа и ќе се собираат во колектори и понатаму до пречистителна станица.

За таа цел наши приоритети ќе бидат изградба на канализациони мрежи во следните населени места :

- Уредување на поројот во с. Воиславци (во атмосферска канализација);
- Изградба на фекална канализација во должина од 1000 метри с. Сулдурци;
- Уредување на речното корито во с. Калуѓерица ( исто атмосферска);
- Изградба на канализација во должина од 2 километри во населено место Подареш (Каарши маало);
- Доуредување на речното корито во с. Подареш;
- Изградба на фекална канализација во должина од 2 километри во населено место Аликоч;
- Изградба на фекална канализација во должина од 2 километри во населено место Коџалија;
- Изградба на фекална канализација во должина од 500 метри во населено место Штурово.

## 7.3. УРЕДУВАЊЕ НА ТРОТОАРИ

Поради зголемената фреквенција на сообраќај, ќе се засили активноста околу уредувањето на тротоарите во Општина Радовиш и во населените места. Уредувањето на тротоарите, од безбедносен аспект, е врвен приоритет. Во следниот четиригодишен период, согласно расположливите средства од буџетот, ќе се направи партерно уредување во сите села на територија на Општина Радовиш. Исто така наш приоритет ќе биде:

- Поставување на бекатон плочки на површина од 10.000 метри квадратни.

## 7.4. УРЕДУВАЊЕ НА ПАРКОВИ И НОВИ ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ

Квалитетот на животната средина и природата се огледало на секоја држава, на секој град и секоја општина. Преку нивно негување се создаваат услови за здрав живот на сите граѓани. Планирано е хортикултурно уредување на парцели и површини покрај пешачки патеки со зимзелени и листопадни дрвја и други цветни растенија.

Во таа насока планирани се следните активности:

- Изградба на **нов Градски рекреативен центар** со парк на локација под Канлиевата воденица со следните содржини (рекреативен базен, летна сцена со дискотека, воден парк во склоп на базенот, спортски терени за одбојка, мини голф, тенис. Нов градски парк со хортикултурни содржини, со простор за домашни миленичиња;
- Партерно уредување на постоечкиот Градски парк на ридот со поставување на нови содржини. Во склоп на ова ќе биде и ново уредување на просторот околу поставениот Крст над градот;
- Изградба на пешачка и велосипедска патека по кејот на Радовишка река до Канлиевата воденица;
- Уредување на парк околу ЈАВОР. Мини плоштадско и партерно уредување со реконструкција на стара фурнаџиска куќа (куќа на дедо Ристо Кулашиќ);
- Ново уредување на Парк Липа со нови зелени содржини.



# 8. ТРАНСПОРТ И ПАТНА ИНФРАСТРУКТУРА

Важен предуслов за економскиот развој на една земја е добра патна инфраструктура. Затоа во Општина Радовиш неопходна е понатамошна реализација на јавни инвестициски проекти од областа на патната мрежа и транспортот.

Општина Радовиш во следните 4 години ќе изврши реконструкција на голем број локални патишта како и рехабилитирање, асфалтирање и одржување на улици во сите населени места на територијата на Општина Радовиш.

Наши приоритети се:

- Изградба на кејските улици до ткн. Канлиевата воденица со целосна комунална инфраструктура и патеки за велосипеди;
- Асфалтирање на две улици во петта урбана заедница;
- Асфалтирање на две улици во трета урбана заедница;
- Реконструкција на стариот пат Радовиш-Воиславци;
- Целосна рехабилитација на двете кејски улици;
- Изградба на нов кружен тек на раскрсницата на булеварот „Александар Македонски“ и магистралната улица која не поврзува со регионален пат Штип-Струмица;
- Асфалтирање на улици во должина од 1.5 км. во с. Ињево;
- Пробивање на 2 улици во населеното место Ињево;
- Улици во должина од 1 км. во с. Воиславци;
- Изградба на улица до самото училиште во с. Сулдурци;
- Изградба на улици во должина од 1 км. во с. Калуѓерица;
- Пробивање на 2 улици во населено место Калуѓерица;
- Асфалтирање на улици во с. Злеово;
- Изградба на улици во должина од 500 метри. во с. Покрајчево;
- Изградба на улици во должина од 500 метри. во с. Јаргулица;
- Изградба на пристапен пат до црквата и гробиштата во с. Јаргулица;
- Изградба на улици и тротоари во должина од 700 метри во с. Подареш;
- Изградба на кејската улица и околу детскиот парк во с. Ораовица;

- Изградба на улици во должина од 700 метри во населеното место Раклиш не
- Изградба на улици во должина од 300 метри во с. Калаузлија;
- Изградба на улици во должина од 500 метри во с. Аликоч;
- Изградба на улици во должина од 500 метри во с. Коџалија;
- Изградба на улици во должина од 300 метри во с. Прналија;
- Изградба на улици во должина од 700 метри во с. Тополница;
- Изградба на улици во должина од 700 метри во с. Бучим;
- Изградба на улици во должина од 500 метри во населено место Дамјан;
- Изградба на две делници од Подареш кон Смиланци, водовод во должина од 500 метри и канализација во должина од 500 метри.



# 9. ОБРАЗОВАНИЕ

Вложувањето во образованието претставува капитална инвестиција. ВМРО–ДПМНЕ цврство верува дека вложувањето во образованието е вложување во најзначајниот ресурс за земјата – човечкиот капитал. Вложувањето во образованието е вложување во иднината на нашите деца и нивно формирање како квалитетни и високообразовани способни академски граѓани – подготвени за современите предизвици.

Ќе се залагаме за континуирано усовршување и развивање на наставниот кадар со цел постигнување на образовната и училишна визија која ќе го одржува партнерскиот однос со семејството на ученикот, како и меѓусебното почитување и примената на принципот за заемна почит и толеранција.

Нашите најважни проекти, во функција на остварување на споменатите цели во следниот четиригодишен период ќе бидат:

## ➤ БЕСПЛАТЕН ОБРОК ЗА СЕКОЈ УЧЕНИК ДО IV-ТО ОДДЕЛЕНИЕ:

Обезбедување на бесплатен оброк за сите ученици од I-во до IV-то одделение. Учениците ќе добиваат по еден здрав оброк на ден со специјално мени подготвено од нутриционист;

- Ново оградување, преуредување на дворна површина и поставување на ново осветлување во СОУ „Коста Сусинов“ како и уредување на тревната површина позади објект и поставување на нови реквизити на спортски терени;
- Стипендирање и еднократни награди на успешни средношколци
- Уредување на паркинг простор во двор на ООУ „Никола Карев“ (посебно обележан за вработени, посебно за родители) и рушење на стари бараки за музички паралелки и наменска изградба на нова зграда;
- Уредување на ботаничка градина за учениците во ООУ „Никола Карев“;
- Уредување на дворни места во подрачните училишта во Раклиш, Парналија, Тополница и Бучим;
- Проект за изградна на дополнителни училници за одделенска настава во ООУ „Крсте Петков Мисирков“ и комплетно опремување со целокупен училишен инвентар и наставни помагала;

- Ново хортикултурно уредување на дворно место и обезбедување на паркинг простор за возила на вработени;
- Уредување на дворни места во подрачните училишта во Аликоч, Коџалија и Калаузлија;
- Изградба на ново монтажно училиште во с.Сулдурци;
- Подрачни училишта (оградување и уредување на дворно место во Злеово, реконструкција на спортски игралишта во Воиславци и Калугерица, уредување на дворно место во с.Покрајчево);
- Внатрешна реконструкција на училишна зграда во ООУ „Коста Рацин" во Подареш и подрачно училиште во с.Јаргулица;
- Хортикултурно уредување на дворно место и реконструкција на санитарни јазли и спортски терени во оoу „Кирил и Методиј" во с.Ораовица;
- Формирање мали библиотеки со лектири и други корисни книги, речници, енциклопедии и слично во сите подрачни училишта.



# 10. СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА И ПРЕВЕНЦИЈА

Единиците на локалната самоуправа како главни носители на социјалната заштита се одговорни за основање јавни установи за социјална заштита, развивање вонинституционални форми за социјална заштита и реализирање социјални програми. Започнатите процеси на децентрализација во областа на социјалната заштита отвораат бројни можности за уште поактивна улога на општинските власти да креираат локални стратегии и програми за социјално вклучување на граѓаните на кои сме им најпотребни.

Во делот на инфраструктурата од областа на детската и социјалната заштита планирано е:

- Изградба на детска градинка и повеќенаменско игралиште во петтата урбана заедница;
- Изградба на детска градинка во с.Злеово;
- Уредување на дворно место на детска градинка во с.Јаргулица;
- Обезбедување на помош и нега на стари лица:

  Проектот опфаќа помош и нега во домот на стари лица. Ќе се обезбеди помош во вршење на основни активности (лична хигиена, облекување, мобилност во домот, хранење, и сл.) и оперативни активности (чистење, перење, готвење, купување производи, земање медицинска терапија) од секојдневниот живот. Проектот ќе го релизира општината во соработка со Министерството за труд и социјална политика;

- Ширење на мрежата на институционални и вонинституционални облици за социјална заштита на лицата со инвалидност, децата без родители и родителска грижа, како и децата во социјален ризик;
- Обезбедување бесплатен училиштен прибор за децата од основно и средно образование на најзагрозени семејства;
- Еднократна парична помош за семејствата погодени од елементарни катастрофи.



# 11. ЗЕМЈОДЕЛСТВО

Земјоделството и аграрната политика се зацртани како еден од главните приоритети на ВМРО ДПМНЕ која како народна партија своите политики ги заснова на традицијата и вредностите на македонски човек.Селото отсекогаш било стожер и чувар на нашите темелни вредности.Земјоделството има и сериозно економско значење и потенцијал за поголем понатамошен развој.

Преку отворен дијалог со земјоделците во четиригодишниот мандат ќе се посвети особено внимание кон оваа стопанска гранка која е една од најзначајните за нашата општина. Со проектите што сакаме да ги реализираме, нашето земјоделци во голема мера ќе ги доближиме до модерното европско земјоделство.

Во таа насока планирани се следните активности:

## ПРОЕКТ „ГОРД ЗЕМЈОДЕЛЕЦ“:

Поттикнување на изградба на преработувачки капацитети за откуп и преработка на земјоделски производи. Отворање на „Едукативен центар за организирано и модерно производство на храна“. Воведување на радарска служба опремена со возила, камери и дронови за заштита на земјоделското производство:

- Создавање инфраструктурни услови и привлекување капацитети од областа на преработувачката и прехрамбената индустрија;
- Проектирање и изградба на мини акумулации каде е возможно тоа и обезбедување вода за наводнување на земјоделските површини;
- Проширување на системот за наводнување од акумулацијата во атарите на другите села каде е тоа возможно;
- Изградба  на бушотини и артерски бунари за обезбедување вода за наводнување на зем. површини и обезбедување електрична енергија до истите;.
- Поддршка на формирање на земјоделски задруги;
- Промоција и популаризација на развојот на органското производство,  собирањето и третманот на самоникнатите растенија.

## НОВ ГРАДСКИ ПАЗАР

Ќе ја решиме долгогодишната мака на земјоделците, кои досега немаа услови на достоинствен начин да го продаваат своето производство.



# 12. СПОРТ И МЛАДИ

Физичкото образование и спортувањето во развојот на човекот се неопходни за негов нормален психофизички развој и спречување на појава на телесни деформитети. Рекреативниот спорт исто така овозможува развој на индивидуите и зголемување на квалитетот на живот на граѓаните.

ВМРО-ДПМНЕ ќе работи на унапредување на општата положба и задоволување на потребите и интересите на младите во општината, затоа што младите се столб врз кој се гради нашата сегашност и иднина. Приоритетни цели кои сакаме да ги исполниме се: влијание врз едукацијата на младите на локално ниво, активно учество на младите луѓе во јавниот живот и процесите на донесување на одлуки на локално ниво, како и вклучување на младите во европските процеси.

Во следните четири години ќе ги реализираме следните инфраструктурни проекти:

- Реконструкција на градски стадион во Радовиш (трибини, помошно игралиште, соблекувални, ограда);
- Изработка на комплетна техничка документација за реконструкција на спортската сала СРЦ „25 мај“ (целосно или делумно по фази);
- Изградба на скејт парк и патека за адреналински спортови и фитнес справи во склоп на спортската сала СРЦ „25 мај“;
- Реконструкција, поправки и редовно одржување на повеќенаменски игралишта;
- Изградба на две маалски игралишта за уличен баскет во првата и третата урбана заедница;
- Реконструкција на училиштна спортска сала во СОУ „Коста Сусинов“ (реконструкција на кров и поткровна изолазија, промена на површина на под, надворешна термо фасада, доопремување со спортски реквизити);
- Реконструкција на спортската сала во ООУ „Никола Карев“ (промена на под, ентериер, гардероби, тоалети, канцеларии);
- Ново асфалтирање на постоечките спортски терени во ООУ „Никола Карев“ и поставување на нови реквизити за фудбал и кошарка;
- Изградба на нова училиштна спортска сала во ООУ „Орце Николов“ во с.Ињево;

- Оградување и реконструкција на спортски терени и поставување на нови реквизити во ООУ „Орце Николов“ во с.Ињево;
- Реконструкција на спортски терени во ООУ „Кирил и Методиј“ во с.Ораовица и поставување на нови реквизити;

Општина Радовиш ќе ја продолжи редовната поддршка на спортските клубови и нивните годишни активности. Покрај тоа во план се следните активности:

- Донесување на тарифник за користење на термини и простории во спортска сала срц „25 мај“;
- Подготовка на методологија и тарифник за користење на термини и простории на Градски стадион;
- Подготовка на правилник со критериуми за распределба на средства за финансирање на спортски клубови и здруженија во општина Радовиш;
- Подготовка на правилник со критериуми за доделување на спортски стипендии и еднократни награди на талентирани спортисти;
- Подготовка на правилник за поддршка на спортски тренери и педагози;
- Редовна комуникација и одржување на работилници со спортските клубови за измените на законот за спорт во делот на можностите за финансирање;

Во делот на младите во целосна функција ке го ставиме Локалниот совет на млади кој преку својата годишна програма ќе спроведуваат активности кои ќе бидат наменети за младите лица во Радовиш.



# 13. ТУРИЗАМ

Потенцијалите на Општина Радовиш, се неограничени за развојот на селскиот туризам. Прекрасните предели на Плачковица, бистрите реки и огромните водени ресурси, богатството со дивеч, меморијалните споменици, старите цркви и манастири се само мал дел од уникатноста која ја има овој крај.

Наша основна цел ќе биде, што повеќе да привлекуваме домашни и странски туристи, за што ќе бидат преземени одделни активности и проекти. Дел од нив ќе бидат:

- Изработка и на физибилити студија за развој на алтернативен туризам и преземање на активности за промоција и поддршка на развојот на селскиот туризам во с.Смиланци;
- Поставување на табли, патокази, обележување на туристички патеки и сите позначајни природни реткости и убавини: водопади, реки, кањони и друго, како и сите историски знаменитости во општината. Паралелно ќе продолжиме со означување и мапирање на нови туристички патеки со цел нивна полесна достапност за посетителите;
- Отварање на туристички инфо центар во склоп на нов културно-деловен центар во кој обучен општински туристички водич ќе ги запознава туристите со знаменитостите на општината, нејзините економски капацитети како и со останатите информации кои го обликуваат карактерот на Општина Радовиш.На тој начин ќе се овозможи активно промовирање на нашата општина како привлечна и интересна дестинација за туристички престој, навремено и квалитетно информирање на гостите-туристи во општината за понудата на локална и традиционална храна, сместувачките капацитети и туристичките локации;
- Изградба на нови сместувачки капацитети по пат на јавно приватно партнерство како и оспособување и опремување на постоечките сместувачки капацитети на планината Плачковица и тоа: Габарски дом ЦОКА, Планинарски дом Џумаја, Мото дом Џинка и др.;
- Партерно уредување на шумска патека од Манастир „Св.Ѓеоргија“ до Чешма;
- Развој на руралниот туризам преку користење на европските фондови и програмата ИПАРД за поттикнување и развој на овој вид туризам,ИПА за прекугранична соработка Македонија- Грција и Македонија- Бугарија;



- Субвенции за рехабилитација на куќите во село Смиланци. Жителите кои поседуваат куќи во село Смиланци, а со цел развој на руралниот селски туризам, Општина Радовиш ќе субвенционира реконструкција и рехабилитација на автентичните смилански куќи и нивна пренамена во сместувачки капацитети со цел привлекување домашни и странски туристи.

# 14. КУЛТУРА

Македонската култура е дел од македонскиот идентитет. Македонската култура е наша, но и европска и светска култура. Културата е трајна и се надградува. Затоа ВМРО – ДПМНЕ ќе продолжи да го развива актуелното творештво и да го заштитува културното наследство, а во тој контекст нашата Општина Радовиш се обврзува да ги негува и чува локалните традиции, фолклор и духовност.

Ние ќе настојуваме нашата општина да биде пошироко препознатлива како дестинација во која ќе може да се види и доживее духот на македонското вековно културно и идентитетско опстојување преку негување и поддршка на традиционалните и современи вредности на селата од општината, како и презентација на културата во странство.

Во делот на инфраструктурата кај објектите од областа на културата ќе бидат превземени следните активности:

- Реконструкција на зграда на ОНБ „Браќа Миладиновци" – со изградба на читална, конференциска сала за одржување на јавни настани, роднокраен и музички оддел и уредување на мини книжевен парк;
- Реконструкција на етнолошка збирка на ул.„Св.Спасо Радовишки" и прилагодување на спомен соба за Ацо Караманов и Милка Ефтимова;
- Решавање на статус на стара зграда на ЕВН и изработка на техничка документација за реконструкција и прилагодување за Музеј на град Радовиш и уметничка галерија;

Исто така согласно годишните програми ќе продолжи редовната соработка и поддршка на активностите на општинските установи од културата како и на сите здруженија на граѓани кои реализираат соодветна програма.



# 15. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Еден од приоритетите на ВМРО-ДПМНЕ за локалната власт ќе биде унапредување, интензивирање и продлабочување на веќе воспоставената соработка со општините од други држави и воспоставување на меѓународна соработка со други нови општини и градови. Активностите и проектите во областа на меѓународната соработка кои ќе ги реализираме во наредниот четиригодишен мандат ќе овозможат политичка, економска и културна меѓународна афирмација на општината.

Нашите најважни проекти во развивањето на меѓународната соработка во следниот четиригодишен период ќе бидат:

- Ќе продолжиме со збогатување и продлабочување на контактите со нашите збратимени општини;
- Во наредниот период ќе работиме на воспоставување на нови контакти и завршување на веќе воспоставените со цел збратимување со нови општини;
- Општина Радовиш и во следните четири години активно ќе учествува со апликации во проекти од ИПА Програмата за прекугранична соработка Македонија – Грција и Македонија-Бугарија;
- Одржување и зајакнување на контактите со дијаспората.

*vmro-dpmne.org.mk*

*sozdadinovaidnina.mk*